**ПРАЌАЊЕТО СМС ПОРАКИ Е ПОВРЗАНО СО СУПЕРИОРНИ ВЕШТИНИ ЗА ЧИТАЊЕ**

Многу луѓе ја обвинуваат зголемената употреба на мобилни телефони за испраќање на текстуални пораки, често со кратенки и симболи, за наводно опаѓање на употребата на литературниот јазик. Но, Беверли Плестер од Ковентри Универзитетот и соработниците покажале дека децата кои користат кратенки и симболи се подобри читачи.

Од 88 деца на возраст од 10 до 12 години било побарано да напишат текстуална порака опишувајќи десет сценарија – на пример, да објаснат на пријател дека го пропуштиле автобусот и дека ќе задоцнат. Оние деца кои користеле повеќе кратенки и симболи во нивните пораки – вклучувајќи и скратена/жаргонска форма на зборови како „чоек“ наместо човек, хомофони како „4екам“ неместо чекам, и симболи како „:)“ – имале и повисоки резултати на задачата со читање.

Студијата покажала дека девојчињата тежнееле да користат повеќе кратенки и симболи од момчињата и дека колку порано детето почнало да користи мобилен телефон, толку поразвиени биле неговите вештини за читање.

Истражувачите сметаат дека поголемата употреба на кратенки и симболи може да биде знак на зголемена фонолошка свесност односно, свесност за звуците од кои што се составени зборовите – вештина што веќе извесно време се знае дека е поврзана со писменоста. Сепак, ова не може да биде целата приказна – поголемата употреба на кратенки и симболи била поврзана со подобри способности за читање дури и кога било земено предвид и влијанието на други фактори, како што се возраста, работната меморија и фонолошките вештини. Една можна причина зошто испраќањето СМС пораки е поврзано со развиени вештини за читање е поради фактот што истото ги изложува децата на пишан текст, што само по себе е има позитивен ефект врз читањето.

Истражувачите признаваат дека овие наоди мора внимателно да се интерпретираат. Ова е корелациона, а не лонгитудинална студија, па затоа не докажува дека користењето на кратенки и симболи води до супериорни вештини за читање. Исто така, други фактори, како на пример социоекомоскиот статус не биле земени предвид. Децата кои употребуваат повеќе кратенки и симболи се во можност да го прават тоа бидејќи живеат во поповолни услови и имаат повеќе шанси да праќаат инстант пораки на компјутер. Друг недостаток на истражувањето е што истражувачите не ги проучувале пораките што децата ги пишувале спонтано, во секојдневниот живот.

„Како што поседувањето на мобилни телефони станува присутно кај сè помали и помали деца со текот на годините, така и истражувањата за начините на кои користењето на овие телефони придонесува за развој на лингвистичките компетенции ќе бидат од огромна важност“, велат истражувачите.

Изворниот текст може да се најде на: http://digest.bps.org.uk/2009/03/txtng-associated-wiv-superior-reading.html